ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-195/10**

**Дата: 27.09.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА ШТИП**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, при што е констатирано дека дел од препораките се спроведени но има и препораки по кои не е постапено, односно се уште постојат состојби кои имаат влијание на финансиските извештаи. Постапено е по препораките кои се однесуваат на назначување одговорен сметководител и изготвување финансиски извештаи за средствата собрани од локалниот самопридонес депонирани на посебна сметка од 2006 година. Препораката во врска со пресметувањето и наплатата на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште делумно е спроведена бидејќи пресметките се уште ги изготвува ЈП „Штип Проект„ Штип, а наплатата се врши на сметката на буџетот на општината. По препораката која се однесува на водење аналитичка евиденција за побарувањата за комунална такса за користење на јавни површини пред деловните објекти, не е постапено и состојбата е идентична и во 2009 година.

За финансиските извештаи за 2009 година, изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, а мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на приходи и расходи и усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Општина Штип донела ребаланс на буџетот но и покрај донесениот ребаланс има значително отстапување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

Општина Штип во билансот на состојба ги нема искажано побарувањата од даночното сметководство по основ на данок на имот и комунална такса. Во тек на ревизијата во сметководствената евиденција беа евидентирани побарувања во износ од 94.054 илјади денари по основ на данок на имот, комунална такса за фирма, надоместок за уредување на градежно земјиште и комунална такса за користење јавни површини пред деловните објекти.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 9 и 10 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Буџетот на Општина Штип за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Буџетот на Општина Штип за 2006 година. Не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на Буџетот на Општина Штип под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, а е изразено позитивно мислење за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Панде Сарев, градоначалник до 05.04. 2009 година, и
- Зоранчо Алексов, градоначалник од 06.04. 2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Буџетот на Општина Штип за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.05. до 31.05.2010 година, кај Општина Штип од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од 2006 година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Штип на ден 05.07. 2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на 09.08.2010 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-195/3 од 09.08. 2010 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Усогласеност со закони и прописи**

4.1.1. Со извршениот попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и старосната структура на истите. Пописот на побарувањата не е во согласност со членот 31 в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека истиот се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Ваквиот начин на постапување придонесува за можност од нереално прикажување на побарувањата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата, да врши попис на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и староснa структура, со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

4.1.2. Општина Штип со Буџетот за 2009 година има планирано приходи и расходи во износ од 190.688 илјади денари. Во 2009 година се реализирани приходи во износ од 149.093 илјади денари, расходи во износ од 135.693 илјади денари и е остварен вишок на приходи во износ од 13.400 илјади денари. Приходите се остварени со 78% во однос на планираниот износ, а расходите со 71%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон, а согласно членот 36 од Законот за буџетите доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.
Со ребалансот на буџетот во 2009 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, што дава можност за

преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.

**Препорака:**
Градоначалникот, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за буџетите, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината односно доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Со ревизијата на утврдување и наплата на даночните приходи и комуналните такси е утврдено дека:

- Надлежните служби на Општина Штип имаат преземено активности за формирање на регистри за даночните обврзници по основ на данок на имот но согласно законската регулатива, не извршиле усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности на Република Македонија што не е во согласност со член 39 точка 2 од Законот за даноците на имот, и има за ефект ризик од некомплетен регистар.

- Комуналната такса за фирма се утврдува врз основа на база во која се опфатени и фирми за кои општинската администрација нема обезбедено податоци за нивниот статус, дали работат, дали имаат сметки, дали постојат како правни лица или не. Ова се должи на фактот што општина Штип од преземањето на базата на податоци од Управата за јавни приходи во 2006 година, нема извршено усогласување со базата на правни лица евидентирани во Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи. Нереалната база на обврзници влијае на планирањето на приходите по овој основ и реалноста на побарувањата.

**Препорака:**
Даночното одделение на Општина Штип да изврши:
- Усогласување на базата на податоците за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за премер и катастар на недвижности, и

-Усогласување на базата на податоци за обврзниците на комунална такса за фирма со податоците од Централен Регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.

4.2.2. Општина Штип со преземање на надлежностите во делот на администрирање со данокот на имот и комуналната такса за фирма, од Управата за јавни приходи има преземено салдо на ненаплатени побарувања во вкупен износ од 85.848 илјади денари од кои по основ данок на имот од 31.508 илјади денари и комунална такса за фирма од 54.340 илјади денари. Оваа состојба е искажана во евиденцијата на даночното сметководство, а во текот на ревизијата истата е евидентирана и во сметководствената евиденција.
Бидејќи се работи за состојба на побарувања за кои не е утврдена реалноста и основот за наплата постои можност од нереално планирање на приходите и до неточни и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Надлежните во општината да извршат утврдување на правната основа и старосната структура на побарувањата, за застарените побарувања и оние кои немаат основ за наплата да предложат бришење од евиденција и сведување на состојбата во реални износи со можност за нивна наплата.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2.2. финансискиот извештај – биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на Буџетот на општина Штип под 31 декември 2009 година. Според наше мислење, резултатот од финансиските активности за годината е реално и објективно искажан, во согласност со важечката законска регулатива, во финансискиот извештај – биланс на приходи и расходи за 2009 година.

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

5.1. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизија врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 94.054 илјади денари, односно зголемување/намалување на следните позиции:

- зголемување на состојбата на побарувањата по основ на данок на имот во износ од 31.508 илјади денари и комунална такса за истакната фирма во износ од 54.340 илјади денари или вкупно зголемување за 85.848 илјади денари со истовремено зголемување на Пасивните временски разграничувања;
- зголемување на состојбата на побарувањата од купувачите за износ од 9.450 илјади денари по основ на ненаплатен надоместок за уредување на градежно земјиште со истовремено зголемување на Пасивните временски разграничувања;
- намалување на состојбата на побарување по основ на надоместок за истакнување на рекламни паноа – билборди за износ од 725 илјади денари со истовремено намалување на Пасивните временски разграничувања, поради двапати евидентирани побарувања, и
- намалување на состојбата на побарување по основ на комунална такса за користење јавни површини пред деловните објекти за износ од 519 илјади денари со истовремено намалување на Пасивните временски разграничувања, поради погрешно евидентирани побарувања.

**6. Нагласување на прашања на неизвесност**

Општина Штип е тужена странка од 9 субјекти физички лица, по основ на барања за надомест на штета без утврден износ и се јавува како тужител во еден случај со еден правен субјект по основ на побарување без утврден износ.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 23. 09. 2010 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## ОПШТИНА ШТИП

## СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 95.101 | 73.215 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 3.612 | 4.312 |
| Капитални приходи | 3.3. | 827 | 2.079 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 49.553 | 65.925 |
| **Вкупно приходи** | | **149.093** | **145.531** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 34.102 | 29.014 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 200 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 63.074 | 45.376 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 6.999 | 7.105 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 766 | 1.075 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **105.141** | **82.570** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **30.552** | **49.183** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **135.693** | **131.753** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **13.400** | **13.778** |

## ОПШТИНА ШТИП

## СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 13.400 | 13.778 |
| Побарувања | 4.1.2. | 97.289 | 6.753 |
| **Вкупно тековни средства** | | **110.689** | **20.531** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **110.689** | **20.531** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 110.689 | 20.531 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **110.689** | **20.531** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **110.689** | **20.531** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

**Прилог бр.1**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година за Сметката на Буџетот на Општина Штип**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи** | | | |
| 11.1.1. | Градоначалникот на Општина Штип нема назначено одговорен сметководител и внатрешен ревизор | Градоначалникот како одговорно лице да преземе мерки за назначување на одговорен сметководител и внатрешен ревизор | Спроведена | Назначен е одговорен сметководител и внатрешен ревизор |
| 11.1.2. | Надлежните на Општина Штип немаат изготвено и доставено | Надлежните на Општина Штип да изготват | Спроведена | Изготвена е годишна сметка за средствата собрани од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | финансиски извештаи средства собрани од локален самопридонес | финансиски извештаи за средства собрани од локален самопридонес | | локалниот самопридонес |
| 11.2.1. | Ревизијата се оградува од давање мислење за реалноста и објективноста на приходите искажани во финансиските извештаи за 2006 година од причина што општина Штип не остварува целосна наплата на сопствените приходи и тоа во делот на локалните надоместоци кои се строго наменски, а се однесуваат на надоместокот за уредување на градежно земјиште и не врши администрирањето со надоместокот за уредување на градежното земјиште во делот на уредување на истото од страна на општината. | Градоначалникот и Советот на општина Штип да преземат мерки надлежноста утврдена со закон во делот на утврдување и прибирање на сопствените приходи (надоместокот за уредување на градежно земјиште), како и уредувањето на градежното земјиште да ја извршува општината, со цел воспоставување механизми на контрола и наменско користење на прибраните приходи по овој основ. | Делумно спроведена | Постапено е по дел од препораката која се однесува на администрирањето со надоместокот за уредување на градежното земјиште со тоа што наплата на истиот се врши од страна на општината, а не е постапено по дел од препораката која се однесува на администрирањето со надоместокот за уредување на градежното земјиште во делот на уредување на истото од страна на општината |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.3.1. | Позицијата Побарувања на 31 декември 2006 година е нереално искажана поради следново:<br>- Побарувањата по основ на закуп на деловен простор се искажани во помал износ од 18 илјади денари;<br>- Побарувањата од граѓаните по основ данок на имот за 2006 година не ги содржат ненаплатените даноци од имот од минати години, поради необезбедени податоци од Управата за јавни приходи – Регионална дирекција Штип.<br>- За побарувањата по основ на ненаплатени комунални такси за користење на јавни површини пред деловни простории, такса за истакнување на реклама, објави и огласи, за користење на плоштади и надоместоци од други комунални дејности не | -Евиденцијата да се врши врз основа на реални сметководствени документи кои ќе обезбедат навремени и точни податоци.<br>-Службите на општина Штип да обезбедат точни податоци за побарувањата по сите основи и да ги извршат потребните корекции. | Делумно спроведена | Не е извршено точно евидентирање на побарувањата.<br>Во текот на ревизијата оваа неправилност е исправена.<br>По препораката која се однесува на водење аналитичка евиденција за побарувањата за комунална такса за користење на јавни површини пред деловните објекти, не е постапено и состојбите се идентични и во 2009 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | се води аналитичка евиденција. | | | |